Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

## Извадок на дел од дневни настани 16.12.2023

На 15.12.2023 од страна на Единицата за недозволена трговија со дрога од СВР Скопје до Јавен Обвинител од ОЈО Скопје е поднесена кривична пријава по чл.215 ст.4 од КЗ против Л.В. (59) од Р.Полска, со престојувалиште во Скопје. Кривичната пријава е поднесена после спроведена истрага од страна на Одделот за криминалистичка полиција- Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи, Единица за недозволена трговија со дрога и Единицата за недозволена трговија од СВР Скопје при што беа обезбедени материјални докази дека полскиот државјанин во текот на месец ноември 2023 година, откако пристигнал во Скопје, неовластено набавил супстанции и материјали за кои знаел дека се наменети за производство на психотропни супстанции и прекурзори и тоа 88350 таблети. Врз основа на Наредба за вештачење од јавен обвинител од ОЈО Скопје од страна на Фрамацевтскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје е изготвено стручно мислење, согласно кое од запленетите таблети кои во својот состав содржат псеуфеефедрин, а со оглед на големата количина која е запленета, истата може да биде употребена за нелегално производство на најмалку 3545 грама на метамфетамин. По поднесувањето на кривична пријава од страна на јавен обвинител од ОЈО Скопје, полскиот државјанин е изведен пред Судија на Основен кривичен суд Скопје, од чија страна е изречена казна условна казна затвор од 2 години и мерка протерување од РСМ и забрана за влез во траење од 8 години. Исто така, од страна на Судија изречена му е мерка за одземање на таблетите, како и парични средства во износ од 14450 евра и 290.000 денари.

На 15.12.2023 во 19.00 часот во с.Жировница, гостиварско, полициски службеници од ОВР Гостивар – Полициско одделение Ростуше го лишиле од слобода В.В.(31) од с.Жировница. Тој се сомничи дека ноќта помеѓу 14/15.12.2023 со употреба на сила влегол во угостителски објект во с.Жировница, сопственост на Е.П.(44) од с.Жировница и одзел пари во различни апоени и валути. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.12.2023 во 13.05 часот на ул.„Радански пат" во Штип, полициски службеници од СВР Штип го привеле С.Д.(44) од Штип. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен суд Штип за издржување казна затвор за сторено кривично дело по член 247 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Струмица за издржување на казната.

На 15.12.2023 во 15.40 часот на подрачје на Шуто Оризари, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Е.(27) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна за сторено кривично дело по член 297 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 15.12.2023 во 21.30 часот во Кочани, полициски службеници ги лишиле од слобода А.М.(24) и И.В.(39), двајцата од Кочани. При преглед во возилото „бмв" со швајцарски цол таблички, кое го управувал И.В., а сопатник бил А.М., бил пронајден и одземен кокаин. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (15.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 100 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола шест санкции, шест мерки за користење на мобилен телефон, шест санкции за минување на затворен сигнал – црвено светло, 20 мерки за прекршување што ги прават пешаците...

Ноќеска (16 декември 2023) околу 02.00 часот во СВР Тетово е пријавено дека на улица „Живко Брајковски" во Гостивар патничко моторно возило удрило во 19-годишната гостиварка К.С. и го напуштило местото. Во несреќата, К.С. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад". На местото на несреќата, во координација со јавен обвинител, увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 15.12.2023 околу 17.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул.„Христо Татарчев" и ул.„Франк Хардкор Менинг", Љ.И.(43) од Скопје, управувајќи патничко возило „форд" со скопски регистарски ознаки, удрил во пешаците Ј.М.(42) и Л.М.(65), двајцата од Скопје. Во несреќата, Л.М. се здобила со тешки телесни повреди, а Ј.М се здобил со телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 15.12.2023 во 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.1611 и ул.1613, патничко возило „киа" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(33) од Скопје, удрило во пешакот С.С.(60) од Скопје. Во несреќата, С.С. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 15.12.2023 во 09.50 часот во Полициската станица Гази Баба, В.К.(54) од Скопје пријавила дека на кејот на реката Вардар во населба Керамидница била касната од куче скитник.

На 15.12.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Гази Баба, М.М.(22) од Скопје пријавила дека на ул.„Архимедова" била касната од куче скитник.

На 15.12.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Чаир, Д.Г.(24) Скопје пријавил дека на ул.„Бутелска" бил каснат од куче скитник.

На 16.12.2023 во 03.30 часот пред угостителски објект на подрачје на Аеродром, полициски службеници го привеле Б.Т.(46) од Скопје затоа го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон присутните и кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.12.2023 во 20.00 часот во СВР Скопје, Р.Д. од Скопје пријавил дека на таванот од неговата куќа на подрачје на Шуто Оризари пронашол рачен ракетен фрлач – Зоља РБР 64мм. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, а рачниот фрлач бил подигнат за натамошна постапка.

На 16.12.2023 во 02.17 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Бутел настанал пожар во паркирано комбе „мерцедес вито" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Е.Х.(32) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема.

На 15.12.2023 во 22.15 часот во гостиварско село, полициски службеници од СВР Тетово – ОВР Гостивар го лишиле од слобода К.С.(61) од селото затоа што околу 16.20 часот во семејниот дом физички ја нападнал неговата сопруга. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.12.2023 година во 13.30 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода Ј.С.(59) од Кавадарци затоа што во семејниот дом физички ја нападнал неговата 57-годишна сопруга. За настанот бил известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.12.2023 во 00.45 часот, полициските службеници од ОВР Македонски Брод го лишиле од слобода Б.Г. затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по документирање на настанот ќе му биде поднесена соодветна пријава.

На 15.12.2023 околу 14.45 часот во тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги привеле Н.Г.(19) и 18-годишната Л.Н., двајцата од Скопје, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.12.2023 во ОВР Радовиш, од Здравствен дом радовиш било пријавено дека кај нив со повреди била донесена Л.Т.(21) од Радовиш. Според пријавеното, таа се здобила со повредите околу 20.15 часот при извршување работни задачи во угостителски објект во Радовиш. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 14.12.2023 во 22.30 часот во казино на подрачје на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода С.А.(41) од Скопје поради сомнение дека околу 21.00 часот во казиното физички го нападнал Х.И.(40) од с.Липково, негов колега од агенција за обезбедување. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.12.2023 во 16.05 часот во СВР Скопје, Н.А.(33) од Скопје пријавила дека на работното место како обезбедување во финансиско друштво на подрачје на Центар била физички нападната од Б.С. од Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.12.2023 во 04.20 часот во Полициската станица Неготино било пријавено дека во Неготино бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.С.(23), В.Д.(20) и И.Н., сите од Неготино, од една страна и Б.Ј.(20) од Росоман, од друга страна. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.12.2023 во 21.50 часот во СВР Скопје, Ј.М.(46) од Скопје пријавил дека на подрачје на Аеродром бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.12.2023 во Полициското одделение Петровец, А.П.(33) од с.Ржаничино, скопско, пријавил дека околу 01.20 часот на работното место на бензинската пумпа во с.Катланово, скопско, поради претходно нарушени меѓусебни односи, бил физички нападнат од Т.М.(28) од нас.Илинден и Д.Т.(27) од с.Марино, општина Илинден. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.12.2023 во 19.00 часот во СВР Тетово, Р.О.(34) од Тетово пријавила дека околу 12.00 часот на спортско игралиште во училишен двор на основно училиште во Тетово, нејзината малолетна ќерка била физичка нападната од друг малолетник. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.12.2023 во 15.55 часот во СВР Струмица било пријавено дека на бул.„Маршал Тито" во Струмица, патничко возило „шевролет спарк", сопственост на МВР, удрило во пешакот М.В.(53) од Струмица. Во незгодата со телесни повреди се здобил М.В., констатирани во болницата во Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 15.12.2023 е пријавено дека во 19.10 часот пред Управни служби во МТВ едно лице агресивно се однесувало и упатило закани кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.12.2023 во 19.10 часот во СВР Скопје, Л.Ѓ.(61) од Скопје пријавила дека пред влезот на зградата на подрачје на Бутел едно лице физички ја нападнало и ѝ одзело чанта. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.12.2023 во 01.45 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода И.М.(23) од Скопје поради сомнение дека извршил обљуба врз малолетничка. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 15.12.2023 година во 15.00 часот во Полициската станица Велес, Р.Р.(73) од Велес пријавил дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 15.09.2023 во 15.45 часот во Полициската станица Кичево, К.П.(49) од Кичево пријавил дека на ул.„Гоце Делчев" бил каснат од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет